**20240641469**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 128 став (1) алинеја 12 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 21/18 и 64/8 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21 и 89/22), министерот за внатрешни работи донесе

# УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН И СТРУЧЕН НАДЗОР И КОНТРОЛА ВО ПОЛИЦИЈАТА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на вршење на генерален и стручен надзор и контрола во Полицијата од страна на надлежната организациона единица за вршење на надзор и контрола во Бирото за јавна безбедност (во натамошниот текст: Бирото), како и контролата што ја вршат раководните работници на сите организациони единици во состав на Бирото.

## II. ГЕНЕРАЛЕН НАДЗОР

Член 2

(1) Генерален надзор е општ надзор над севкупното работење на една или повеќе организациони единици во состав на Бирото.

(2) Генералниот надзор се врши еднаш на четири години, од страна на најмалку двајца полициски службеници од надлежната организациона единица за вршење на надзор и контрола во Бирото, при што еден од определените полициски службеници е одговорен за спроведување на генералниот надзор.

(3) По потреба, во вршење на генералниот надзор можат да бидат вклучени и работници од други организациони единици во состав на Бирото.

(4) Од страна на одговорниот полициски службеник од став (2) на овој член, се изготвува План за спроведување на генералниот надзор, што се одобрува од страна на директорот на Бирото.

Член 3

(1) Генералниот надзор ја опфаќа организационата структура на Полицијата, како и нејзината методологијата на работа.

(2) Со генералниот надзор се обезбедува доследно извршување на законските и другите прописи што се во надлежност на Полицијата, унапредување на нивото на професионализмот и квалитетот во работата на Полицијата, како и почитување на утврдените рокови за извршување на работите и задачите на Полицијата.

Член 4

(1) Од страна на одговорниот полициски службеник за спроведување на генералниот надзор се изготвува и поднесува писмен извештај до директорот на Бирото најдоцна 15 дена од денот на извршувањето на генералниот надзор.

(2) Во писмениот извештај од став (1) на овој член, се наведуваат севкупните констатирани состојби, а за утврдените неправилности и недостатоци во работата на Полицијата се предлагаат мерки и рокови за нивно надминување.

## III. СТРУЧЕН НАДЗОР

Член 5

(1) Стручен надзор е надзор при кој се врши проверка на содржината на завршените задачи, како и на работите и задачите што се во тек на извршување во една или повеќе организациони единици во состав на Бирото.

(2) Стручниот надзор се врши еднаш на две години, од страна на најмалку двајца полициски службеници од надлежната организациона единица за вршење на надзор и контрола во Бирото, при што еден од определените полициски службеници е одговорен за спроведување на стручниот надзор.

(3) По потреба, во стручниот надзор можат да бидат вклучени и работници од други организациони единици во состав на Бирото.

(4) Од страна на одговорниот полициски службеник од став (2) на овој член, се изготвува план за спроведување на стручниот надзор, кој се одобрува од страна на директорот на Бирото.

Член 6

(1) Стручниот надзор опфаќа утврдување на доследно почитување на пропишаните стандардни постапки и процедури по кои постапува Полицијата.

(2) Со стручниот надзор се обезбедува координираност во извршувањето на оперативните цели и задачи од страна на Полицијата, ефективност и ефикасност во работата на организационите единици во Полицијата и унифицирање на полициските постапувања согласно пропишаните стандардни постапки и процедури за работа на Полицијата.

Член 7

(1) Од страна на одговорниот полициски службеник за спроведување на стручниот надзор се изготвува и поднесува писмен извештај до директорот на Бирото, најдоцна 10 дена од денот на завршувањето на надзорот.

(2) Писмениот извештај од став (1) на овој член, ги содржи елементите предвидени во писмениот извештај за извршен генерален надзор од член 4 став (2) од ова упатство.

## IV. НАЧИН НА ВРШЕЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН И СТРУЧЕН НАДЗОР

Член 8

(1) Генералниот и стручниот надзор опфаќаат:

- барање на податоци и информации за сите видови документи и евиденции што се водат во конкретната организациона единица во Полицијата;
- вршење проверка на конкретни настани;
- вршење увид во документи, досиеја, извештаи, планови, програми, индивидуални поднесоци, евиденции, како и информации и податоци што преку својата работа ги создава организационата единица или се доставени од страна на друга организациона единица во Полицијата;
- вршење увид во документи доставени од физички, правни лица и други државни органи;

- вршење разговори со работниците;
- влегување во сите објекти и простории што ги користи Полицијата за нивното работење;
- барање информации и податоци за техничката опременост на конкретна организациона единица во Полицијата, за распоредувањето и чувањето на материјално - техничките средства, оружје и опрема;
- утврдување фактичка состојба, а по потреба може да се побара стручна помош од други организациони единици и
- барање писмено појаснување од работниците за конкретна ситуација што е предмет на генералниот или стручниот надзор.

(2) При вршењето на генералниот и стручниот надзор, дел од предвиденото работно време за спроведување на надзорот може да се искористи за непосредно набљудување на полициската активност при непосредно извршување на полициските работи и задачи или при примената на полициските овластувања од страна на полициските службеници.

Член 9

Организационите единици над кои се врши генералниот или стручниот надзор обезбедуваат услови и поддршка за непречено извршување на активностите предвидени со планот за спроведување на надзорот.

Член 10

Работниците определени за вршење генерален надзор, односно полициските службеници определени за вршење на стручен надзор потребно е:
- надзорот да го вршат професионално, согласно планот за спроведување на генералниот, односно стручниот надзор и со незначително нарушување на редовните работни процеси во организационата единица што е предмет на надзор;
- да комуницираат со работниците на службен, јасен и недвосмислен начин;
- да известуваат објективно за констатираната состојба и
- да постапуваат согласно правните прописи.

## V. ПОВТОРЕН И ВОНРЕДЕН ГЕНЕРАЛЕН ИЛИ СТРУЧЕН НАДЗОР

Член 11

По истекот на роковите утврдени во писмените извештаи на генералниот или стручниот надзор, со претходна согласност на директорот на Бирото, се спроведува повторен генерален или стручен надзор, со цел проверка дали се отстранети утврдените неправилности и недостатоци во работата, односно дали се спроведени предложените мерки.

Член 12

Доколку се утврди дека генералниот или стручниот надзор се извршени спротивно на одредбите на ова упатство, се врши вонреден генерален или стручен надзор од полициски службеници од организационата единица за вршење на надзор и контрола во Бирото кои не учествувале во претходно спроведените надзори, по претходно добиена наредба од страна на директорот на Бирото.

## VI. КОНТРОЛА НАД РАБОТЕЊЕТО ВО ПОЛИЦИЈАТА

Член 13

(1) Контрола над работењето во Полицијата се врши од страна на раководните работници на сите организациони единици во состав на Бирото или од нив определени работници, над организационите единици со кои раководат.

(2) Предмет на контролата од став (1) на овој член е целокупната работа на организационите единици и истата може да биде редовна или вонредна.

(3) Редовната контрола се извршува во рамки на спроведување на секојдневните работни задачи и активности во надлежност на организационата единица.

(4) Од страна на раководниот работник или од него определените работници се изготвува план за извршување на вонредната контрола.

(5) Целта на контролата од став (1) на овој член е обезбедување на професионализам, соодветен обем и квалитет на работа, почитување на роковите за извршување на задачите, координираност во постапувањето, дисциплина, почитување и спроведување на правните прописи.

(6) По извршувањето на вонредната контрола, од страна на раководителот или од него определените работници се изготвува писмен извештај во кој се наведуваат констатираните состојби и за утврдените неправилности и недостатоци во работата на организационата единица се предлагаат мерки и рокови за нивно надминување, а по потреба и предлог мерки за утврдување на одговорност.

Член 14

Во вршење на контролата од член 13 став (1) од ова упатство, можат да учествуваат и работници од надлежната организациона единица за вршење на надзор и контрола во Бирото.

Член 15

(1) Контрола во Полицијата може да се врши и за конкретни случаи од страна на надлежната организациона единица за вршење на надзор и контрола во Бирото.

(2) Контролата од став (1) на овој член се врши од страна на најмалку двајца полициски службеници од надлежната организациона единица за вршење на надзор и контрола во Бирото, по претходно добиена наредба од страна на директорот на Бирото.

(3) По потреба, во контролата од став (1) на овој член, можат да бидат вклучени и работници од други организациони единици во состав на Бирото.

(4) За извршената контрола се изготвува службена белешка во која се наведуваат констатираните состојби, а за утврдените неправилности и недостатоци во работата на организационата единица се предлагаат мерки и рокови за нивно надминување и истата се доставува до директорот на Бирото.

Член 16

Организационите единици над кои се врши контролата од членовите 13 и 14 од ова упатство потребно е да обезбедат нејзино непречено извршување, а вршителите на контролата потребно е да постапуваат на службен, јасен и недвосмислен начин, како и во согласност со правните прописи.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Со денот на влегувањето во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за начинот на вршење на генерален и стручен надзор во полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/07 и 14/17).

Член 18

Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1.1-30415/1
12 март 2024 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Панче Тошковски,** с.р.